11-84/1
02-01-2026

# Годишен план за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата за 2026 година

Антикорупциската проверка на законите е ефикасен превентивен механизам во борбата против корупцијата, бидејќи овозможува навремено откривање и спречување на потенцијалните ризици од корупција при креирањето и донесувањето на правните прописи. Овој процес подразбира систематска проценка на правните прописи за да се идентификуваат можности за злоупотреба, судир на интереси, нејаснотии и празнини во законите кои би можеле да поттикнат коруптивни практики.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 став (1) точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, спроведува антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти согласно со методологија која ја донесува.

Антикорупциската проверка на легислативата претставува анализа и проценка на формата и содржината на прописите (закони, подзаконски акти и други општи акти):

- кои се во подготовка и
- кои се веќе донесени,

од аспект на нивното практично спроведување, усогласеност и нивното подобрување со цел детектирање, спречување и минимизирање на ризиците во однос на можноста за корупција и судир на интереси кои може да резултираат при спроведување на законите.

Клучни аспекти на антикорупциската проверка:
1. Превентивен пристап:
Наместо да се реагира на коруптивните практики пост-фактум, антикорупциската проверка делува проактивно, овозможувајќи законите да бидат ослободени од коруптивни ризици пред нивното усвојување.
2. Проценка на ризиците:
Се анализираат специфични одредби кои може да создадат услови за фаворизирање, дискреционо одлучување или недостаток на транспарентност.
3. Вклучување на повеќе актери:
Овој процес вклучува соработка помеѓу антикорупциските тела, законодавните институции и граѓанското општество, што обезбедува независност и објективност при анализата.
4. Транспарентност и отчетност:
Резултатите од антикорупциската проверка треба да бидат јавно достапни, со што се зголемува довербата на граѓаните во институциите.
5. Следење и ревизија:
Покрај проверката на новите закони, треба да се врши и редовна ревизија на постојните закони за идентификување на можности за подобрување.

Придобивки од примената:

- Намалување на ризикот од корутивни практики преку подобрување на квалитетот на законите.
- Зголемување на транспарентноста и интегритетот во процесот на креирање политики.
- Поттикнување на довербата на граѓаните во правниот систем.
- Унапредување на општествената и економската стабилност преку елиминирање на можностите за злоупотреба.

Воспоставувањето на формализиран процес на антикорупциска проверка може да биде клучен чекор во градењето на ефикасен систем за борба против корупцијата. Ова вклучува зајакнување на капацитетите на институциите, воведување обврзувачки стандарди и обезбедување поддршка од меѓународни организации.

Препораките кои ги дава ДКСК по основ на дадени мислења по извршена антикорупциска проверка на легислативата и по изработени извештаи даваат значителен придонес кон носење на квалитетни закони, а особено со тоа превентивно се делува кон намалување на корупцијата.

Дел од законите кои беа планирани да подлежат на антикорупциска проверка со Годишниот план за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата за 2025 година бр.11-3234/1 од 31.12.2024 година, се префрлаат во Годишниот план за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата за 2026 година.

Врз основа на однапред утврдени критериуми за приоритет, Државната комисија одлучи до крајот на 2026 година да спроведе антикорупциска проверка на легислативата на следните закони:

1. Закон за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/2021);
2. Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024);
3. Закон за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 154/2023);
4. Закон за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294/20);
5. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на медицината („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 71/19);
6. Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 160/25).

**Табеларен преглед на антикорупциска проверка на закони за 2026 година**

| Назив на закон | Основ на законот | Временски период | Образложение |
|---|---|---|---|
| **1.Закон за лобирање** | Со овој закон се уредуваат условите за стекнување статус на лобист и лоби организација, регистрирањето на лобистите и лоби организациите, обврските на лобистите и лоби организациите и обврските на лицата и органите кај кои се лобира, со цел транспарентност на процесите на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони, подзаконски или други општи акти. | Јануари - Март | Во пракса овој закон е нефункционален, не се воспоставени правила за спроведување на процесот на лобирање. Во отсуство на правилата лобирањето се одвива во алтернативни форми кои водат до непринципиелни па дури и коруптивни односи. |
| **2.Закон за локалната самоуправа** | Со овој закон се уредуваат: надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа. | Јули Август | Потребата за вршење на антикорупциска проверка на овој закон произлегува од неколку клучни фактори поврзани со ефикасноста и транспарентноста на локалната самоуправа, како и со зголемената потреба за спречување на корупцијата на локално ниво.<br>Антикорупциската проверка на Законот за локалната самоуправа е неопходна за да се зајакнат институциите, да се обезбеди транспарентност и ефикасност на локалните власти, и да се осигури дека јавните ресурси се користат на најдобар можен начин за доброто на сите граѓани. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.Закон за вештачење** | Со овој закон се уредува вршењето на вештачењето, условите и начинот на вршењето на вештачењето, субјектите што вршат вештачење, условите и постапката за полагање испит за вештак, услови за издавање, престанок или за одземање лиценца за вештачење, награда и надоместок на трошоците за извршеното вештачење, основањето, надлежноста, организацијата и работењето на Комората за вештаци и другите органи на управување, посебна постапка за стекнување со лиценца за вештачење како и други прашања од значење за судските вештачења и супервештачења. | Септември - Декември | Законот за вештачење е неопходна поради повеќе системски и практични предизвици во неговата примена, кои имаат директно влијание врз ефикасноста на судските и управните постапки, како и врз владеењето на правото. |
| **4.Закон за финансирање на политичките партии** | Со овој закон се уредуваат начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии. | Септември - Декември | Анализа на Законот за политичко финансирање и изборни кампањи е неопходна поради сложеноста и чувствителноста на материјата, како и поради утврдените слабости во неговата примена кои претставуваат значителен ризик за интегритетот на изборниот процес и демократските стандарди. |
| **5. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на** | Со овој правилник се пропишува формата, начинот на водење и содржината на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствените работници со високо образование од областа на медицината | Септември - Декември | Ризикот од корупција многу често се детектира во областа на здравството, а имајќи ја предвид Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата приоритетни се законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на издавањето на лиценци. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **здравствени работници со високо образование од областа на медицината** | | | |
| **6.Закон за заштита на културното наследство** | Со овој закон се утврдуваат видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство во Република Северна Македонија. | Септември - Декември | Законот за заштита на културното наследство е неопходна поради сложеноста на постапките за управување, заштита и користење на културното наследство, како и поради утврдените слабости во неговата примена кои создаваат ризици за негово оштетување, злоупотреба и незаконско постапување. |

ДКСК може во текот на годината да врши измена и дополна на Годишниот план, доколку за истото постои потреба.

**Претседател,**
**Адем Чучул**

Изработил: А.С., раководител на одделение
Проверил: А.С., раководител на одделение
Контролирал: Б.В.Б., помошник раководител на сектор
Одобрил:М. К., раководител на сектор